# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е
## кон Буџетот на Општина Битола за 2019 година

## ЗАКОНСКИ ОСНОВИ

Согласно дополнувањето во Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа објавена во "Службен весник на РМ" бр. 209 од 15.11.2018 година општината **има ограничување во планирањето на приходите за тековната година** кои се планираат со пораст од најмногу 10% од просечно остварените приходи во последните три години, според податоците од трезорската евиденција. Просечно остварените приходи се пресметуваат од сопствените приходи, односно од следните видови на приходи: даночни приходи, неданочни приходи, капитални приходи и трансфери без дотација од данокот од додадена вредност.

Овој износ **може да се зголемува во случај кога општината има документ** (решение, известување и сл) со кој се утврдува дека ќе се изврши трансфер на средства од државна институција или во случај на промени кои се однесуваат на висината и видот на сопствени приходи на основниот буџет утврдени со закон врз основа на одлука на Советот или законски промени на сопствените приходи во текот на годината кои потоа соодветно се утврдуваат во Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на општината која се донесува од Советот на општината.

Со Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски објавен во "Службен весник на РМ" бр. 209 од 15.11.2018 година се **дава можност да планираме повисоки приходи кои се трансферираат на наменска сметка 789, која кореспондира со сметката на основниот буџет на општината (630), а за истиот износ да планирате и расходи на истата сметка (630).** Ова значи дека средствата ќе се чуваат на посебната наменска сметка (789-за финансиска поддршка на елс), а трошењето на средствата од наменската сметка ќе се реализира преку буџетските сметки на општината (630) и единките корисници (603). Расходите се планираат на Програма А3- Подмирување на доспеани, а неплатени обврски, на соодветните потставки за расходите потребни за плаќање на обврските, за кои ни се даваат средствата за финансиска поддршка.

**Можност за планирање на повисок износ на Буџетот за 2019 година се дава** и со планирање на приходи и расходи за превземени обрски по проекти и завршени јавни набавки во 2018 година кои ќе се плаќаат во 2019 година **од средства кои се обезбедени во 2018 година и ќе се пренесат како вишок на приходи остварен на 31.12.2018 година.**

Со Законот за буџетите во целост се опфаќаат целите и начелата на современиот буџет и се утврдуваат постапки со кои Законот за буџетите станува инструмент кој овозможува повеќегодишно буџетирање , односно доследна реализација на развојната цел на буџетот. Согласно измените и дополнувањата на Законот за буџети член 29 ( Службен весник на Р.М. бр 64/05, 4/08, 103/08) се измени и соржината на Буџетот на општините кој содржи ; општ, посебен, и развоен дел;

▪ општиот дел ги содржи вкупните приходи и вкупните расходи за фискалната година како и глобалните проекциина приходи и расходи за наредните две години

▪посебниот дел содржи план на одобраните средства по програми, потпрограми за фискалната година

▪развојниот дел ги содржи плановите на програмите за развој прикажани поразвојни проекти

# ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ
# ПРИХОДИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Планирани извори на приходи од кои ќе се финансираат расходите на Општина Битола во Буџетот за 2019 година се од :

1. ***Даночни приходи***
2. ***Неданочни приходи***
3. ***Капитални приходи***
4. ***Трансфери и донации***
5. ***Домашно задолжување***

Приходите на Буџетот на општината за 2019 година се планирани согласно законските рамки и досегашниот тренд на наплата од изворните приходи и дотациите од Буџетот на Република Македонија и со Буџетот за 2019 година се планираат износи кои се дадени во табелата:

| | | |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 381.054.462,00 | **21,12%** |
| Неданочни приходи | 140.407.754,00 | **7,78%** |
| Капитални приходи | 54.254.710,00 | **3,01%** |
| Трансфери и донации | 1.179.700.339,00 | **65,38%** |
| Домашно задолжување | 48.907.442,00 | **2,71%** |
| **Вкупно**: | **1.804.324.707,00** | **100,00%** |

Од табеларниот приказ се заклучува дека најголемо учество во вкупните приходи со 65,38 % имаат приходите остварени од трансфери и донации, 21,12 % отпаѓаат на даночни приходи, додека останатите 7,78 % се приходи од неданочни приходи, 3,01 % од капитални приходи, и приходи од домашно задолжување 2,71%.

Со анализата на даночните приходи се отценува способноста на општината да ги собере сопствените приходи особено даноците на имот и комунални такси кои преставуваат фисакален капацитет на општината и идните активности на општинската администрација треба да бидат насочени кон зголемување на приходите остварени од данокот на имот и комунални такси.

***а) Даночни приходи***

Даночните приходи во 2019 година се планираат во износ од 381.054.462,00 денари, при што нивниот распоред по видот на даночниот приход е даден во табеларниот приказ :

| | | |
|---|---|---|
| Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 21.515.000,00 | **5,65%** |
| Даноци од имот | 157.400.000,00 | **41,31%** |
| Даноци од специфични услуги | 170.220.000,00 | **44,67%** |
| Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 31.919.462,00 | **8,38%** |
| **Вкупно**: | **381.054.462,00** | **100%** |

Кај структурата на даночните приходи може да се забележи дека најголемо учество ќе имаат приходите остварени од данокот на специфични услуги, односно уредување на градежното земјиште со процент од 44,67%, додека данокот од имот, ќе учествува со 41,31%, данокот на доход, од добивка и од капитални добивки отпаѓа 5,65 %, што е во рамките на планираните средства, и такси за користење или дозволи за вршење на дејност со 8,38%.

Ако посебно се анализираат само даноците од имот, се согледува нивната структура и учество во вкупниот износ на овој вид данок :

| | | |
|---|---|---|
| **7131** | Данок на имот | 80.000.000,00 |
| **7132** | Данок на наследство и подарок | 7.000.000,00 |
| **7133** | Данок на промет на недвижности и права | 70.000.000,00 |
| **7135** | Казни и камати | 400.000,00 |
| | | |
| | **Вкупно:** | **157.400.000,00** |

***б) Неданочни приходи***

Структурата на неданочните приходи за 2019 година во вкупниот Буџет на Општина Битола е претставена во следната табела и тие се составени од приходи од други владини услуги, такси и надоместоци и други неданочни приходи .

| | | |
|---|---|---|
| **722** | Глоби, судски и административни такси | 3.802.000,00 |
| **723** | Такси и надоместоци | 113.782.500,00 |
| **725** | Други неданочни приходи | 22.823.254,00 |
| | **Вкупно:** | **140.407.754,00** |

Кај неданочните приходи најголемо учество имаат такси и надоместоци 81,04%, следат други неданочни приходи 16,25%, и глоби, судски и административни такси 2,71%.

***в) Капитални приходи***

| | | |
|---|---|---|
| **733** | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 54.254.710,00 |
| | **Вкупно**: | **54.254.710,00** |

***г) Трансфери и донации***

Учеството на трансферите од други нивоа на власт и донациите од странство во вкупниот Буџет на Општината за 2019 година се застапени со следните износи:

| | | |
|---|---|---|
| **741** | Трансфери од други нивоа на власт | 1.098.870.519,00 |
| **742** | Донации од странство | 77.131.320,00 |
| **744** | Тековни донации | 3.698.500,00 |
| | **Вкупно**: | **1.179.700.339,00** |

Во делот на трансфери од други нивоа на власт доминираат дотациите од Буџетот на Република Македонија за остварување на надлежностите во основното образование средно образование, социјална и детската заштита.Во делот на Дотациите како пренесен вишок на приходи се испланирани средства во висина од 10.897.848,00 денари од детската градинка Естреја.О.Мара обезбедени за доградба и надградба на градинката "Пролет" во соработка со Министерството за труд и социјална политика за зголемување на капацитетот на градинката за згрижување на деца. Овие средства се утврдени од надлежните министерства согласно законската регулатива, фискалната стратегија и политика утврдена од Владата на Република Македонија.

Покрај наменските и блок дотации во овие приходи во основниот буџет на општината спаѓаат и средствата добиени од Фондот за патишта ( 10.927.946,00 денари), Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој (2.218.984,00 денари), средствата од дотации од ДДВ (97.928.521,00 денари), во ставката за пренесениот вишок на приходи од минатата година во основниот буџет спаѓаат: пренесен вишок на приходи на сметката на основниот буџет (100.000.000,00 денари), средствата од Владата на Р.М. за финансиска подршка на доспеани,а неплатени обврски на општината и единките корисници (156.993.541,00 денари), средства од Министерството за Економија за реконструкција и адаптација на 38 дуќани и натписи во Битолската чаршија (3.800.000,00 денари) и средства од Декадата на роми во износ од 237.870,00 денари за ангажирање на тутори на деца од ранливите категории .

Во донации од странство планирани се средства за финансирање на проекти кај основните,средните училишта од програмата Еразмус плус, и три проекти на општината Бенефит, Кино Култура и Зелена интер мобилност. Тековните донации се планирани за средства од Фондот за иновации кои ги добиваат основните и средни училишта.

***д) Домашно задолжување***

Учеството на домашното задолжување во вкупниот Буџет на Општината за 2019 година е застапено со следните износи:

| | | |
|---|---|---|
| **754** | Домашно задолжување | 48.907.442,00 |
| | **Вкупно**: | **48.907.442,00** |

Домашното задолжување се однесува на Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со Заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка. Средствата наменети за проектот за инфраструктура во АРМ четврт 1 и 2 ќе се дореализираат во 2019 година имајќи во предвид дека е продолжен рокот за реализација на активностите до март месец 2019 година.

# РОДОВО БУЏЕТИРАЊЕ

Програмата за економски развој е родово одговорна. При нејзината изработка се земаа предвид потребите, улогите и начините на користење на времето и ресурсите од страна на жените и мажите. Конкретно, (1) при изградбата на коловози, секаде каде има простор, е предвидена изградба на тротоари со цел да одговори на потребите на жените и мажите за движење; (2) предвидената мрежа за осветлување соодветствува на потребите на жените пред сé, за зголемена безбедност; (3) планираната изградба и реконструкција на водоводна линија и атмосферска и фекална канализација исто така е развиена врз основа на потребите на мажите и жените и нивните различни улоги во домаќинството. Дополнително, во насока на економско јакнење на жените, но и општината во целина, програмата предвидува (4) активности за поддршка на женското претприемништво, насочени кон невработените граѓанки со стекнато високо образование.

На овој начин, Општина Битола покажува дека ги поддржува и применува принципите на родово одговорно креирање на политиките и следствено-родово одговорно буџетирање. Покрај тоа што овие практики имаат за цел да ги слушнат и да одговорат подеднакво на потребите на мажите и жените, тие истовремено го зголемуваат нивото на транспарентност, го подобруваат учеството на граѓан(к)ите и ги подобруваат економските политики на општината.

Програмата овозможува буџетско следење, транспарентност и ефикасност на обезбедените средства за спроведување на родовото буџетирање.

# ПЛАНИРАНИ БУЏЕТСКИ РАСХОДИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Вкупните планирани расходи на Општина Битола за 2019 година изнесуваат **1.804.324.707,00** денари и со тоа се запазува буџетското правило на балансирани приходи и расходи. Истите се утврдени по одредени намени и видови согласно економската класификација.

| | | |
|---|---|---|
| **40** | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 708.498.773,00 |
| **41** | Резерви и недефинирани расходи | 400.000,00 |
| **42** | Стоки и услуги | 536.560.599,00 |
| **45** | Каматни плаќања | 100.000,00 |
| **46** | Субвенции и трансфери | 68.173.321,00 |
| **47** | Социјални бенифиции | 4.250.000,00 |
| **48** | Капитални расходи | 470.342.014,00 |
| **49** | Отплата на главница | 16.000.00,00 |
| | **Вкупно:** | **1.804.324.707,00** |

Од табеларниот приказ може да се констатира дека со планираните расходи на општина Битола се утврдува значајна развојна компоненте на јавните услуги кои се надлежност на општината. Учеството на капиталните расходи е со 26,07% со што ќе се иницира изградбата на нова инфраструктура и ќе се подобрат јавните услуги.

Во делот на расходите за стоки и услуги на кои отпаѓаат 29,73% покрај обезбедувањето на редовното функционирање на општината се содржани и расходите за

финансирање на комуналните услуги и тековното одржување на основното образование и детската заштита, старскиот дом и зоолошката градина. Во Буџетот на Општина Битола се обезбедени средства за функционирање на 12 основни училишта , 6 средни училишта, 2 градинки, старски дом, и зоолошка градина. Платите и надоместоците на вработените во општинската администрација и локалните јавни установи учествуваат со 39,27%.Субвенциите и трансферите во најголем дел ги опфаќаат трансферите до невладините организации,спортските клубови, ќе учествуваат со 3,78 %.Социјалните бенефиции ќе учествуваат со 0,23% и резервите и недефинираните расходи со 0,02%, каматните плаќања со 0,01% и отплата на главница со 0,89%.

## ТЕКОВНО- ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

Согласно законската регулатива општинскиот буџет се следи преку различните видови на расходи, односно тековно - оперативните и капиталните расходи.

Во рамките на тековно - оперативните расходи доминираат расходите за стоки и услуги 40,22% и плати и надоместоци 53,11 % со што се обезбедува редовна основна функција на општината и локалните јавни установи. Со пренесените надлежности во образованието и детската заштита, старскиот дом и зоолошката градина се зголемува фискалната одговорноста на општината.

| | | |
|---|---|---|
| **40** | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 708.498.773,00 |
| **41** | Резерви и недефинирани расходи | 400.000,00 |
| **42** | Стоки и услуги | 536.560.599,00 |
| **45** | Каматни плаќања | 100.000,00 |
| **46** | Субвенции и трансфери | 68.173.321,00 |
| **47** | Социјални бенифиции | 4.250.000,00 |
| **49** | Отплата на главница | 16.000.000,00 |
| | **Вкупно** | **1.333.982.693,00** |

### Плати, наемнини и надоместоци за вработените

Платите и надоместоците кои се неопходни за функционирање на Општина Битола и локалните јавни установи се планираат да опфатат околу 39,27% од вкупно планираните расходи во 2019 година.

| | | |
|---|---|---|
| **401** | Основни плати | 507.352.672,00 |
| **402** | Придонеси за социјално осигурување од работодавачи | 191.766.101,00 |
| **404** | Надоместоци | 9.380.000,00 |
| | **Вкупно:** | **708.498.773,00** |

### Резерви и недефинирани расходи

| | | |
|---|---|---|
| **412** | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 200.000,00 |
| **413** | Тековни резерви (разновидни расходи) | 200.000,00 |
| | **Вкупно:** | **400.000,00** |

Постојаната резерва се употребува за расходи настанати како последица на природни и други несреќи, како што се: суша, земјотрес, пожар, поплави и други природни односно еколошки несреќи во согласност со законот, епидемија, животински заразни болести и растителни штетници.

Средствата од тековната резерва се користат за одредени итни потреби на општината , доколку не се обезбедени средства или не се обезбедени во доволен износ.

Советот на општината со одлуката за извршување на буџетот на општината, ја определува употребата на средствата за претходно утврдените намени.

## Стоки и услуги

Поради превземањето на поголем број надлежности во 2019 година планираниот дел на Буџетот на Општината Битола кој се однесува на стоки и услуги наменет за потребите на локалната самоуправа, основните училишта, средните училишта, зоолошката градина, старски дом, и градинките изнесува 29,73 % од вкупно планираните расходи.

| | | |
|---|---|---|
| **420** | Патни и дневни расходи | 28.283.935,00 |
| **421** | Комунални услуги, греење,комуникации и транспорт | 198.698.348,00 |
| **423** | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 52.562.855,00 |
| **424** | Поправки и тековно одржување | 87.642.127,00 |
| **425** | Договорни услуги | 135.913.612,00 |
| **426** | Други тековни расходи | 28.811.722,00 |
| **427** | Привремени вработувања | 4.648.000,00 |
| | **Вкупно:** | **536.560.599,00** |

## Каматни плаќања

Средствата за каматни плаќања опфаќаат 0,01 % од вкупните расходи во буџетот.

| | | |
|---|---|---|
| **452** | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 100.000,00 |
| | **Вкупно:** | **100.000,00** |

## Субвенции и трансфери

Средствата за субвенции трансфери опфаќаат 3,78 % од вкупните расходи во буџетот.

| | | |
|---|---|---|
| **463** | Трансфери до невладини организации | 35.000.000,00 |
| **464** | Разни трансфери | 27.892.939,00 |
| **465** | Исплата по извршни исправи | 5.280.382,00 |
| | **Вкупно:** | **68.173.321,00** |

| Социјални бенифиции |
|---|

Социјалните надоместоци опфаќаат 0,23 % од вкупните расходи.

| | | |
|---|---|---|
| **471** | Социјални надоместоци | 4.250.000,00 |
| | **Вкупно:** | **4.250.000,00** |

| Отплата на главница |
|---|

Отплата на главница опфаќаат 0,89 % од вкупните расходи.

| | | |
|---|---|---|
| **471** | Социјални надоместоци | 16.000.000,00 |
| | **Вкупно:** | **16.000.000,00** |

## КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

Капиталните расходи во најголем дел се однесуваат на изготвување на проекти, изградба на улици и патишта,водовод, канализација во урбаниот дел на општината, како и во руралниот дел на општината.Во капиталните расходи се планирани и средства за купување на мебел, опрема возила и машини. Овие расходи се во функција на подобрување на јавните услуги и подобрување на инфраструктурата во општината. Учеството на капиталните расходите изнесува 26,07 %.

| | | |
|---|---|---|
| **480** | Купување на опрема и машини | 22.690.512,00 |
| **481** | Градежни објекти | 320.000,00 |
| **482** | Други градежни објекти | 426.711.836,00 |
| **483** | Купување на мебел | 3.910.701,00 |
| **485** | Вложувања и нефинансиски средства | 11.108.965,00 |
| **486** | Купување на возила | 5.600.000,00 |
| | **Вкупно:** | **470.342.014,00** |

# ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПРИОРИТЕТИ УТВРДЕНИ ВО ПРОГРАМИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА

### *АО-СОВЕТ НА ОПШТИНА*

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со работата на советниците во Советот на општината и тоа за :

1. Надоместоци за советниците,
2. Дневници и патни трошоци,
3. Други трошоци директно поврзани со работата на советниците (телефонски сметки, материјални трошоци др.),
4. Други трошоци кои се директно поврзани со работата и надлежностите на Советот ( награди кои ги доделува Советот на општината и постојна резерва која ја одредува Советот).

• Работата на Советот на Општина Битола се финансира во износ од **18.781.000,00 денари**.

***А3 -ПОДМИРУВАЊЕ НА ДОСПЕАНИ,А НЕПЛАТЕНИ ОБВРСКИ***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи и капитални расходи како финансиска подршка за финансирање на доспеани,а неплатени обврски на општините и единките корисници.

Средствата се обезбедени од Буџетот на Р.М, за покривање на 51 % од вкупно пријавениот износ на доспеани,а неплатени обврски на општините и единките корисници на општините, заклучно со месец септември 2019 година, а во согласност со Законот за финансиска подршка на ЕЛС и единките основани од ЕЛС за финансирање на достеани,а неплатени обврски( "Службен весник на РМ" бр 209/18).

• Висината на средствата испланирани во оваа програма изнесува **156.993.541,00 денари.**

***Д0- ГРАДОНАЧАЛНИК***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи кои се потребни за работа на градоначалникот на општината и тоа:

1. Плати и надоместоци за градоначалникот и вработените во кабинетот на градоначалникот,
2. Дневници и патни трошоци за градоначалникот и вработените во кабинетот на градоначалникот,
3. Други трошоци директно поврзани со работата на градоначалникот и вработените во кабинетот на градоначалникот (телефонски сметки, материјални трошоци др.),
4. Други трошоци кои се директно поврзани со работата на градоначалникот и вработените во кабинетот на градоначалникот (награди кои ги доделува градоначалникот и тековна резерва која ја одредува Советот).

• Работата на Градоначалникот на Општина Битола се финансира во износ од **5.535.400,00 денари**

***Д1- МЕСНА САМОУПРАВА***

• Средствата кои се предвидени во оваа програма се наменети за тековно одржување на месните заедници и се во висина од **1.375.000,00 денари**.

***ЕО-ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи кои се потребни за работа на општинската администрација и тоа:

1. Плати и надоместоци за вработените во општинската администрација, освен за градоначалникот и вработените во кабинетот на градоначалникот.
2. Тековно - оперативните трошоци потребни за работењето на општината, вклучувајќи го и работењето на советот, градоначалникот и кабинетот на градоначалникот (канцелариски материјал, телефонски сметки и интернет, потрошена електрична енергија, вода, тековно – оперативни трошоци поврзани со одржување на возила и објекти други трошоци) .

• Средства кои се планираат за работата на општинската администрација се во износ од **141.038.000,00 денари.**

### *ЕА- КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА*

Во оваа програма се планираат капиталните расходи за следниве намени:

1. Набавка на опрема за потребите на општинската администрација, Советот на општината, градоначалникот и кабинетот на градоначалникот;
2. Набавка на возила за потребите на општинската администрација, Советот на општината, градоначалникот и кабинетот на градоначалникот и
3. Изградба на деловни објекти за потребите на општинската администрација, Советот на општината, градоначалникот и кабинетот на градоначалникот.

• Програмата е планирана со средства во износ од **2.170.000,00 денари.**

### *Ф1- УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ*

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи за урбанистичко планирање кои се однесуваат на подготовка и донесување на годишна програма за изработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место.

• Во буџетот се планираат средства за функциите во делот на урбанистичкото планирање и уредување на просторот и истите се во износ од **3.000.000,00 денари.**

### *Г1-ПОДРШКА НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ*

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи наменети за финансирање на активности со цел обезбедување на поддршка на локалниот економски развој и тоа:

1. Издавање на информативен материјал и публикации со кои се промовира економскиот потенцијал на општината,
2. Одржување на локални саеми,
3. Активности наменети за зголемување на вработеноста преку соодветни тренинг програми
4. Активности поврзани со создавање и функционирање на локален пазар на труд на ниво на општината,
5. Активности поврзани со подобрување на економскиот потенцијал на фирмите кои работат на територијата на општината.

Расходите од оваа потпрограма се наменети за партиципација на општината во проекти , партиципација на општината во центарот за развој на Пелагонискиот регион, членарини за ЗЕЛС и ЛАГ, за тековно работење подршка на проекти кофинансирање на општината на проекти во соработка со Центарот за развој на пелагонискиот регион за противпожарно возило и подршка на други проекти, за инклузија на деца роми,стратегија за ЛЕСС,стратегија за локален развој,соработка за локален волонтерски совет и совет на млади, обуки за превенција од заразни болести, реализација на проект за Почиста Битола, трансфери за социјален погреб, ангажирање на тутори на ромските деца во ОУ Ѓорѓи Сугарев со средства од Влада на Р.М., трансфер на средства на Регоналниот центар на слепи лица и др .

• Планираните средства се во износ од **7.923.870,00 денари.**

### *Г2-ПОТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ*

Во оваа програма се планираат расходи наменети за финансирање на активности со цел поддршка на туризмот во општината.

• Со средствата наменети во оваа програма во износ од **1.580.000,00 денари** ќе се помагаат проектите за развој на туризмот во градот.

***ГД-ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со подобрување и унапредување на енергетската ефикасност на локално ниво.

• За подготвување на проекти и реконструкција на капацитети во енергетиката планирани се средства во висина од **3.222.730,00 денари.**

Во колоната Донации во оваа програма планирани се средства за реализација на проектот Бенефит кој има за цел да овозможи енергетска ефиксност во спортската сала Младост со купување на опрема за енергетска ефикасност и реконструкција на кровот на спортската сала. Планирани се средства за негова реализација во висина од **12.470.479,00 денари.**

***Ј3- ЈАВНО ОСВЕТЛЕНИЕ***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување и функционирање на системите за јавно осветлување во општината.

• За јавното осветление во општина Битола, планирани се средства во износ од **56.197.800,00 денари.**

***Ј4- ЈАВНА ЧИСТОТА***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување на јавната чистота во општината, односно собирање и транспортирање на комунален отпад и одржување на местата за селективно собирање на отпад од страна на ЈП Комуналец - Битола.

• Програмата е планирана да се реализира со средства во висина од **15.000.000,00 денари.**

***Ј6- ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА,УЛИЦИ,И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со:

- Активности за редовно одржување на коловозот и патот;
- Чистење на коловозот, уредување на банкини, заштита на косини, насипи, усеци изасеци, чистење и уредување на одводите на патот, сливници, поправка на потпорни и обложни ѕидови, тунели и други објекти на патот;
- Одржување на прегледност на патишта;
- Чистење на снег и мраз на коловозот, посипување на коловозот со сол или други абразивни средства и
- Чистење, замена и поравка на хоризонтална и вертикална сигнализација на патот, на огради и заштитна мрежа на патот и на друга опрема на патот.

• Програмата се планира да се финансира со средства во висина од **24.142.494,00 денари.**

***Ј7- ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување на постојните паркови и обновување на зеленилото во општината од страна на ЈП Комуналец- Битола.

• Програмата се планира да се финансира со средства во висина од **13.000.000,00 денари.**

***Ј8- ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи за дезинсекција, дератизација, ерадикација, отстранување на хаварисани возила и други расходи.

• Во оваа програма планирани се средства за дезинфекција, деритизација, дезинсекција во износ од **1.700.000,00 денари.**

***ЈА- ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛЕНИЕ***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со набавка, реконструкција и поставување на нови системи за јавно осветлување.

• Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **5.750.041,00 денари.**

***ЈД- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба и реконструкција на локални патишта и улици,подготвување на проекти за улици и патишта како и надомест за одземен имот.

• Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **80.994.241,00 денари.**

Во колоната Донации планирани се средства за реализација на грантот за реконструкција на улици и патишта во с. Лавци во висина од **1.201.464,00 денари.**

Во колоната Кредити се планираат средства наменети за проектот за инфраструктура во АРМ четврт 1 и 2 кои ќе се дореализираат во 2019 година имајќи во предвид дека е продолжен рокот за реализација на активностите до март месец 2019 година во висина од **48.907.442,00 денари.**

***ЈФ- ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со поставување и заменување на сообраќајните знаци и заштитна опрема на локалните патишта и улици, односно подигање на вертикална и хоризонтална сигнализација.

• Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **1.163.000,00 денари.**

***ЈГ- ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба, реконструкција и доградба на водоснабдителниот систем на територијата на општината и набавка на потребната опрема, подготвување на проекти за капацитети за водоснабдување.

• Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **3.844.050,00 денари.**

Во колоната Донации се планирани средствата за Изградба на капацитети за водоснабување во с. Лавци во износ од **4.932.395,00 денари.**

***ЈИ- ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба, реконструкција и доградба на канализациониот систем (атмосферска и фекална канализација) на територијата на општината и набавка на потребната опрема,подготвување на проекти и др.

• Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **19.410.485,00 денари.**

***ЈЛ- ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи за други комунални услуги како што е набавка на специјални возила за дезинсекција и други капитални расходи, изградба и реконструкција на други објекти и подготвување на проекти за други објекти.
• Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **19.760.809,00 денари** во овие средства се испланирани средствата во висина од **3.800.000,00 денари** за реконструкција и адаптација на 38 дуќани во битолската чаршија.

***К3-МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ***

Во основниот Буџет на општината испланирани се **120.000,00 денари** за одржување на зградата како помош за зоолошката градина за одржување на просторот околу зградата.

Платите на вработените (19 вработени лица- 5 жени и 14 мажи) и тековно - оперативните расходи се финансираат од блок дотации од Министерство за Култура во износ од **9.093.809,00 денари** , за сите останати активности на Зоолошката градина ги користи средствата од самофинансирачки активности за која доставува финансиски план до општината и се предвидени средства во висина од **2.500.000,00 денари.**

***К4-КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи за културните манифестации во Општина Битола вградени во Програмата за Култура за 2019 година.
• Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **8.000.000,00 денари.**

***КА-КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО (Капитални трошоци)***

Во колоната Донации се планира да се реализира проектот Кино Култура за опремување на туристички инфо центар,набавка на кино опрема за отворено кино и креирање на апликација за виртуелна прошетка низ старите градби на Битола со посебен акцент на стариот театар, со средства во висина од **12.148.095,00 денари.**

***ЛО-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со организирање на спортски активности манифестации, поддржување на натпревари на општинско ниво, поддршка на училишниот спорт, поддршка на масовни спортско рекреативни активности на граѓаните и друго.
• Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **30.000.000,00 денари.**

***Н1-ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Во оваа програма се планираат расходи поврзани со работењето на основните училишта и тоа: плати и надоместоци на вработените во основните училишта, набавка на канцелариски и друг материјали, трошоци за телефон, интернет, поштенски услуги, електрична енергија, греење, вода, подигање на смет, тековни поправки и одржување на згради, канцелариска опрема и возила во сопственост на основните училишта и други расходи.

Училиштата како буџетски корисник на општината подготвуваат финансиски планови за своето работење. Во основното образование за 12 училишта на подрачјето на општина Битола се планираат средства од самофинансирачки активности во висина од **8.396.200,00 денари** .

Од блок дотациите се финансираат платите на 1551 вработен ( 999 жени и 552 мажи) и тековното одржување на училиштата со средства во висина од **366.904.000,00 денари** .

Во колоната Донации се предвидени средства во висина од **9.345.068,00 денари** за реализација на проекти кај основните училишта: "Климент Охридски", "Ѓорги Сугарев", "Коле Канински", "Кирил и Методиј", "Даме Груев" "Стив Наумов" и др.

### *Н2- СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ*

Во оваа програма се планираат расходи поврзани со работењето на средните училишта и тоа: плати и надоместоци на вработените во основните училишта, набавка на канцелариски и друг материјали, трошоци за телефон, интернет, поштенски услуги, електрична енергија, греење, вода, подигање на смет, тековни поправки и одржување на згради, канцелариска опрема и возила во сопственост на средните училишта и други расходи.

Училиштата како буџетски корисник на општината подготвуваат финансиски планови за своето работење. За средното образование за 6 училишта на подрачјето на општина Битола се планираат средства од самофинансирачки активности во висина од **19.454.000,00 денари** .

Од блок дотациите се финансираат платите на 429 вработени ( 286 жени и 143 мажи) и тековното одржување на училиштата со средства во висина од **233.200.000,00 денари** .

Во колоната Донации се предвидени средства во висина од **33.423.549,00 денари** за реализација на проекти кај средните училишта: "Јосип.Б.Тито", "Кузман Шапкарев", "Таки Даскало", "Ѓорѓи Наумов", "Јане Сандански " "д-р Јован Калаузи" .

### *Р1-ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА*

Во буџетот на општина Битола се планираат расходи поврзани со превземањето на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина кои не се во исклучива надлежност на други државни органи.

Општина Битола ќе превзема мерки и активности за зачувување и унапредување на здравјето, животната и работна средина, како и за заштита од заразни болести со средства во износ од **3.000.000,00 денари.**

### *РА-ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)*

Во оваа програма се планираат капитални расходи поврзани со унапредување и заштита на животната средина и природа.

• Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **14.359.462,00 денари.**

Во колоната Донации се предвидени средства за реализација на проектот Зелена интер Мобилност во висина од **6.933.770,00 денари** за набавка на еко мини автобус за спортистите и учениците и помошно возило за спортистите и учениците со посебни потреби.

### *В1-ДЕТСКИ ГРАДИНКИ*

Во оваа програма се планираат расходи поврзани со работењето на детските градинки и тоа: плати и надоместоци на вработените во градинките, набавка на канцелариски и друг материјали, трошоци за телефон, интернет, поштенски услуги,

електрична енергија, греење, вода, подигање на смет, тековни поправки и одржување на згради, канцелариска опрема и возила во сопственост на детските градинки и други расходи.

Детските градинки се корисници на блок дотација од Министерство за Труд и социјална политика и таа за 2019 година изнесува **76.910.000,00 денари,** наменети се за плати и надоместоци од плати на 207 вработени (20 мажи и 187 жени) и тековно-оперативни расходи**.**Во блок дотацијата е предвиден и пренесен вишок на приходи од минатата година во износ од **10.897.848,00 денари,** кај градинката Естреја.О.Мара за реконструкција и надградба на градинката "Пролет" во соработка со Министерството за труд и социјална политика- детска заштита за зголемување на капацитетот за згрижување на деца.

Планираните средства од Самофинансирачки активности изнесуваат **55.386.000,00 денари**, и за начинот на користење на истите доставуваат финансиски план до општината.Во колона Донации предвидени се средства од донации во висина од **375.000,00 денари** .

***В2-ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА***

Во оваа програма се планираат расходи поврзани со работењето на домовите за стари лица и тоа: плати и надоместоци на вработените во домовите за стари лица, набавка на канцелариски и друг материјали, трошоци за телефон, интернет, поштенски услуги, електрична енергија, греење, вода, подигање на смет, тековни поправки и одржување на згради, канцелариска опрема и возила во сопственост на домовите за стари лица и други расходи.

Домот за стари лица како буџетски корисник за да може да функционира доставува до општината финансиски план за своето работење и по пат на Самофинансирачки активности ќе се финансира со **24.000.000,00 денари**.
Блок дотацијата која ја добива од Министерство за труд и социјална политика изнесува **16.390.000,00 денари** и се наменети за плати на вкупно 35 ( 4 мажи и 31 жени) вработени и тековно одржување на Домот за стари лица.

***Ђ0-ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА***

За финансирање на активностите на противпожарната единица во Битола во рамките на оваа програма се планираат средства за функционирање и од Буџетот на општината **3.582.960,00 денари**, и со наменска дотација од Министерство за Внатрешни работи **13.368.000,00 денари,** наменети исклучиво за плати на вработените во ТППЕ-Битола.

***Џ1-РОДОВА ЕДНАКВОСТ***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со родовата еднаквост. Програмата е вградена во програмата за работа на КЕМ и се планираат активности во делот воведување на родовиот пристап во креирање на политики, донесување на одлуки и пристап до ресурсите на општината. Родовата еднаквост преку образование, култура, медиуми, здравство, социјална заштита, спорт и против родово основано насилство и трговија со луѓе.
• Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **500.000,00 денари.**

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

Планот на програмите за развој претставува среднорочен приказ на програми кои се наменети за развојни инвестиции и истиот ги содржи среднорочните проекции на одобрени средства во општината по одделни буџетски програми и потпрограми , години во кои истите ќе се реализираат и изворите на нивното финансирање .

**Општината Битола приоритет во овие развојни програми му даде на 5 развојни проекти;**

- JDI-Реконструкција на улица Илинденска 18.000.000,00 денари.
- КАВ -Ревитализација на Офицерски дом 19.300.288,00 денари
- LAA- Реконструкција на фудбалски стадион под Тумбе кафе 149.429.297,00 денари
- DAA- Капитални расходи за месна самоуправа (изградба на други објекти) 1.267.320,00 денари
- GDA-Гасификација на Општина Битола 7.945.800,00 денари

Вкупна вредност на развојните проекти за период 2019-2021 година изнесува **493.266.034,00 денари**, **или за 2019 година 195.942.705,00 , 177.323.329,00 денари за 2020 година, и за 2021 година 120.000.000,00 денари.**

## ПРОЕКЦИИ НА БУЏЕТ 2020-2021 ГОДИНА

Фискалните проекции за наредниот среднорочен период се базираат врз основа на економската политика на Р.М. Економската политика на Р.М. е насочена кон остварување на макроекономска стабилност и одржување на стабилен и одржлив национален економски развој,со продолжување на остварување на стратешките определби за зголемување на економскиот раст ,зголемување на вработеноста,подобрување на животниот стандард и квалитетот на животот на населението.
Така вкупниот буџет за **2020 година** е проектиран на **1.894.540.945,00 денари**,додека вкупниот планиран буџет за **2021 година** е проектиран на **1.984.757.178,00 денари.**

*Изработил*
*Сектор за финансиски прашања*